Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 47, 1 октомври 2010 година

октомври 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на тројца наставници во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област архитектура, урбанизам и просторно планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Финансиски менаџмент“ од проф. д-р Ристо Фотов ........ 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Меѓународни финансии“ од проф. д-р Ристо Фотов ........ 41

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник „Физиологија на растенијата” од проф. д-р Лилјана Колева - Гудева, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип ........ 45

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно – научниот совет на единицата ........ 49

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ И БАНКАРСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Со Одлука бр.1702-126/9 од 14.9.2010 год., донесена на 12. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, одржана на 14.9.2010 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден *наставник* во сите звања за група предмети од областа ***финансии и сметководство*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 18.9.2010 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатката **д-р Климентина Попоска**.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Климентина Попоска** е родена на 2 мај 1973 година во Скопје. Во 1996 година дипломира на Економскиот факултет-Скопје, насока Деловна економија. Потоа се запишува на постдипломските студии по монетарна економија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје, а во 2002 година го брани магистерскиот труд со наслов „*Инструменти за монетарно регулирање во транзиционите економии*". Во јануари 2007 година се стекнува со научно звање **доктор по економски науки**, со одбрана на докторскиот труд „*Успешност и профитабилност на комерцијалните банки*" на Економски институт - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј".

Д-р Климентина Попоска работи на Економскиот институт - Скопје од 1998 година, на почеток на местото помлад асистент-истражувач, а од 2002 година како асистент-истражувач во областа финансии. Во април 2007 година е избрана за научен соработник во истата област. Д-р Попоска е вклучена во постдипломските студии на Економскиот институт - Скопје на предметите: Комерцијално банкарство, Корпорациски финансии, Финансирање на МСП и Меѓународни финансии. Ментор е на десетина одбранети магистерски трудови и неколку кои се во процедура.

Во текот на своето образование, д-р Климентина Попоска се стекнува со обемно меѓународно образование и искуство во странски универзитети и институции. Така, во периодот 2000-2002 год. се стекнува со звање *тренер за банкарско работење* од Банкакадемие/Франкфурт, Германија. Во 2003 година преку ТЕМПУС програмата за индивидуална мобилност спроведува истражувачки семестар во Бизнис школата за финансии и банкарство, Франкфурт, Германија

Во 2003/2004 година се образува на Вашингтон универзитетот во Сент Луис, каде изучува осум предмети од докторските студии, од кои два кај нобеловецот Даглас Норт. Покрај претходното, присуствува и на летните универзитети на Универзитетот во Вирџинија и Универзитетот Минесота, Милеаполис, САД.

Во своето професионално усовршување, д-р Климентина Попоска се здобива со практична обука во банки во Германија и САД. Во 2004 година, работи во Федералната резервна банка на Сент Луис, во Секторот за супервизија на комерцијалните банки на проектот „Визија на ФЕД до 2010 година". Во текот на 2005, 2007 и 2008 година, д-р Попоска спроведува едномесечно практично истражување во *Волксбанк ег Бопард* со врвниот менаџмент на банката. Темите на истражувањето се „Банкарски менаџмент во регионалните банки", „Имплементација на Базелските стандарди и искуството", „Стратегија за банката со финансиската криза", респективно за 2005, 2007 и 2008 година.

Во летниот семестар 2007 година, д-р Попоска предава како визитинг предавач на Универзитетот во Кобленц, Факултет за бизнис администрација на предметите: Финансии, Пари и банкарство и Монетарна економија. Во есента 2007 година одржува предавања на WHU Otto Beisheim School of Management (ранг 1 во приватните бизнис школи во Германија), Vallander, Германија од областа на комплексно версус традиционално банкарство. Зимскиот семестар, 2008 година ја добива ДААД стипендијата за истражувачки престој во Frankfurt School of Finance and Management, Frankfurt, Германија, каде работи во Центарот за финансиска економија со проф. Dr. Paul Gutter Schmidt, на тема „Интерни детерминанти на банкарска профитабилност".

Д-р Попоска има добиено неколку меѓународни награди и стипендии (едногодишна стипендија од американскиот Department of State, германска академска стипендија за меѓународно образование ДААД, ТЕМПУС индивидуална стипендија, второ место по финансии на WHU Otto Beisheim School of Management (2007 година итн.) и има учествувано како раководител или член на тимот на многу меѓународни проекти (Банкарска економија со Банкакадемие, Франкфурт, Истражување на банкарското окружување во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија-раководител/ ЕБРД–Лондон, Мерење на социјалните перформанси на микрофинансиските институции - раководител, МФЦ, Варшава итн.

Д-р Климентина Попоска е автор на една научна книга, коавтор на два прирачника, како и автор на 23 научни и стручни публикации. Д-р Попоска се служи со англискиот јазик, а го користи и германскиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

*а) Наставни активности во земјава*

Д-р Климентина Попоска е вклучена во образовниот процес на Економскиот институт - Скопје од 2001 година, како асистент на предметите Менаџмент на финансиски институции и Управување и раководење со финансиите. Во академската 2004/2005 година се јавува како ко-предавач на изборниот предмет Бизнис англиски на постдипломските студии на Економкиот институт - Скопје, во соработка со предавач од САД, дел од English Fellow Language Program. Во периодот 2003-2005 година, ко-предава различни области од банкарскиот менаџмент, заедно со странски експерти од Банкакадемие,Франкфурт.

Од 2007 година е избрана за научен соработник/доцент и ги предава следните предмети на постдипломските студии во Економски институт - Скопје: Менаџмент на финансиски институции, Финансирање во претприемништвото и Меѓународни финансии. Од учебната 2009/2010 година со воведувањето на ЕКТС, д-р Попоска ги предава предметите Комерцијално банкарство, Корпорациски финансии, Финансирање на МСП и Меѓународни финансии (сите на постдипломски студии). Под нејзино менторство во Економскиот институт-Скопје се одбранети десетина магистерски трудови и десетина се во процедура од областа на банкарството и финансиите. Член е на комсија на повеќе од 20-тина одбранети докторски и магистерски трудови.

*б) Наставни активности во странство*

Покрај наставно-образовната активност во земјава, д-р Попоска работи и како визитинг предавач на странски универзитети во нивните додипломски и магистерски студии. Во мај/јули 2003 година на Hochschule fǘr Bankwirtschaft, Франкфурт, Германија, предава од областа на *финансискиот систем во транзициските економии*. Во 2003/2004 година е асистент на предметот Пари и банкарство на Washington University in St. Louis, САД.

Во летниот семестар 2007 година предава на Универзитетот во Кобленз, Факултет за бизнис администрација на предметите: Финансии, Пари и банкарство и Монетарна економија. Во зимскиот семестар 2008 година предава изборен предмет на магистерските стидии во Frankfurt School of Finance and Management, Frankfurt, Германија, а предметот Теоретски и емпириски аспекти на профитабилност во комерцијалните банки.

Во текот на целокупниот наставно-образовен процес и вреднувањето на успехот на студентите, д-р Попоска го спроведува процесот на селекција и оценка на изработените трудови од страна на студентите (изработените семинарски, проектни и стручни трудови во текот на студиите). Тоа подразбира постојани отворени консултации со студентите и нудење на помош, како на домашните, така и на студентите во странство, со цел разбирливо и сеопфатно совладување на наставната материја и предвидените активности.

Д-р Климентина Попоска покажува особен интерес за научна и стручна работа. Тоа јасно се гледа од списокот приложени книги и трудови до Комисијата, големниот број на меѓународни пректи од областа на банкарството и финансиите, во кои главно се јавува како раководител, како и семинарите и конференциите во странство, пред сè, од областа на банкарството и финансиите.

**Објавени книги**

1. Научна книга: „Комерцијално банкарство, успешност и профитабилност". Економски институт - Скопје (2008).
2. „Мои пари - прирачник за управување со лични финансии", превод и адаптација. Автор Стибор Ерега. Скопје (2010).
3. „Водич за мали и средни претпријатија", ко-автор. Министерство за економија. „Развој на МСП", проект управуван од Агенција за реконструкција. Ко-автор. стр. 105. (2005).

**Докторски и магистерски труд**

1. „Успешност и профитабилност на комерцијалните банки", докторски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски институт - Скопје, 370 стр., 2007 година.
2. „Инструменти за монетарно регулирање во транзиционите економии", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје, 170 стр., 2002 година.

**Објавени стручни и научни трудови**

1. „Credit crunch: influence on Developed economies vs. Transitional economies". The Eight International Conference on Business & Employment on the topic, "The International Economic Cooperation Impact on business development and on the employment increase in Kosova and other transitional countries". Зборник на трудови од стручен собир. Prishtina. (2009): 561-572 . Рецензиран труд.
2. Comprehensive analyze of the internal determinants in banking operation. In Economic Development. Institute of Economics-Skopje: 11 (1/2009):39-56. Рецензиран труд.
3. Bank capital requirement and implementation of European standards by transition economies". The Seventh International Conference on Business and Employment: "The impact of the European integrating processes on the development of the business and on the increase of the employment in Kosova and in other transitional economy countries". Зборник на трудови од стручен собир. Kosova. (2008): 320 -330. Рецензиран труд
4. Капитална адекватност и имплементација на Базел 2. Во Економски развој. Економски институт - Скопје: 10 (2): 9-28 (2008). Рецензиран труд.
5. „Финансиски иновации и нивното влијание на финансискиот пазар -секјуритизација". Во Претприемништво, иновации и конкурентност. Економски институт - Скопје. (2008): 139-145. Рецензиран труд.

6. „Needs, attitudes and preferences towards micro enterprise credit and non-financial services by Roma population: Key findings from qualitative market research“. Co-author with Margarita Lalayan. Open Society Institute, New York and Microfinance Centre for CEE and the NIS, Warsaw. Poland. Pg. 32.May, 2008.
7. „Traditional or Complex Banking“. In Economic Development. Institute of Economics-Skopje: 10 (3/2008): 87-104. Рецензиран труд.
8. „Детерминанти на профит во комерцијалната банкарска индустрија: Истражување на селектирани транзицион економии.“ Во Економски развој. Економски институт - Скопје. 3/2007: 79-94. Рецензиран труд.
9. „Trends in the Banking Industry and Loan Policy in increasing the Business Opportunities in Countries in Transition”, In Sixth International Conference Business and Employment: Role of the Management on the development of business and increase of employment on Kosovo and other countries in transition. Kosovo Finance Institute. Конзорциум на бизнис и вработување. Зборник на трудови од стручен собир. (2007):391-399. Рецензиран труд.
10. „Банките, штедењето и финансирањето на малите и средни претпријатија во Република Македонија“. Претприемништво, проблеми, перспективи и дилеми, УЈЕ Тетово - Факултет за бизнис еконимија, Економски институт - Скопје, Агенција за промоција на претприемништвото во Република Македонија. Зборник на трудови од научен собир. Скопје (2007): 86-97. Рецензиран труд.
11. „Two Faces of the Banking**:** Traditional Loans and Deposits vs. Complex Brokerage and Derivative Services” co-author with Mark D. Vaughan and Timothy J. Yeager. Regional Economist. FED in St. Louis. USA. October 2004. Рецензиран труд.
12. „Инвестициони фондови како облик за здружување на средства“. Во Стопански и регионален економски развој, семејни бизниси и здружувања. Friedrich Ebert Stiftung и Економски институт - Скопје (2003):226-331. Рецензиран труд.
13. „Реформи на финансискиот сектор во Република Македонија“, (ко-автор со проф. Благоја Наневски) реферат презентиран на конференција Економски аспекти на Европската интеграција на Република Бугарија и Република Македонија, Софија, Бугарија. Рецензиран труд.
14. „Стабилност на цените како основна цел на монетарната политика, Економски развој, Економски институт, 4 (1). (2002): 305-322. Рецензиран труд.
15. „Влијанието на воените дејствија врз монетарната политика на Република Македонија“. Во Пендев. Д. и други. Партиципација и кризата во Република Македонија. Скопје: Friedrich Ebert Stiftung и Економски институт-Скопје. (2001): 303-306. Рецензиран труд.
16. „Партиципација во финансирање на мали бизниси“. Во Пендев. Д. и други. Партиципација и кризата во Република Македонија. Скопје: Friedrich Ebert Stiftung и Економски институт-Скопје. (2001): 183-195. Рецензиран труд.
17. „Проширување на Европската унија и нејзино влијание врз земјите апликанти“. Во Економски развој. Економски институт-Скопје, (2000) 2 (3): 183-186. Рецензиран труд.
18. „Стратегии за монетарно регулирање во земјите од Централна и Југоисточна Европа. Во Економски развој. Економски институт-Скопје. (2000) 2(1):141-156. Рецензиран труд.
19. „*Caveat Emptors for E(M)U and candidate countries*”, реферат на семинар „political economu of eastern enlargement of the EU”. Central European university. Budapest. (2000). 10 страници.
20. „Човеков развој во Република Македонија“. Во Економски развој. Економски институт-Скопје (1999) 1 (2): 189-193. Рецензиран труд.

21. „Воведување на европска парична единица - евро и стопанствата во земјите во транзиција.“ Во Економски развој. Економски институт-Скопје (1999) 1, (1): 131-141. Рецензиран труд.
22. „Позитивни и негативни аспекти на данокот на додадена вредност. Во д-р Атанасовки и други. „Данок на додадена вредност, инвестиции и развој. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски институт-Скопје. (1999): 75-78. Рецензиран труд.
23. „Улогата на кредитната политика врз човековиот развој.“ Во Економски развој. Економски институт-Скопје (1999) 1(3):197-199. Рецензиран труд.

**1. Евалуација на трудот** - Научна книга: „Комерцијално банкарство, успешност и профитабилност“. Економски институт-Скопје (2008).

Книгата „*Комерцијално банкарство, успешност и профитабилност*“ има 375 страници и е издание на Економски институт - Скопје (2008). Рецензенти на книгата се проф. д-р Благоја Наневски и проф. д-р Глигор Бишев. Концепциски книгата е составена од предговор, вовед, пет глави, заклучок, прилози, листа на кратенки и библиографија. Во книгата се опфатени 56 табели, 17 графикони, 6 слики и 4 прилози. Библиографијата опфаќа 282 библиографски единици. За потребите на емпириската анализа е креирана посебна база на податоци.

Книгата ги обработува современите концепти на комерцијалното банкарство, тргнувајќи од случувањата во банкарската индустрија во последната деценија, факторите кои влијаат врз успешното и профитаилно работење на комерцијалните банки, концептите на вреднување на нивните перформанси, како и промените врз идните движења. Покрај тоа, во книгата авторот спроведува и емпириски истажувања во врска со:

а) идното движење во комерцијалното банкарство и влијанието врз профитабилноста (истражување спроведено од страна на авторот во Федералната резервна банка на Сент Луис) и
б) тестирање и извлекување на варијаблите кои имаат статистичка значајност врз остварување на повисока профитабилност на комерцијалните банки во регионот.

Користејќи ја теоретската подлога и применетата квантитативна емпириска анализа, авторот ги идентификува и издвојува клучните надворешни и внатрешни фактори кои создаваат услови за поуспешно и попрофитабилно работење на банките. Истражувањето во книгата е насочено кон анализа на основните фактори од кои зависи успешното и профитабилно работење на комерцијалните банки. Составен дел на таквата анализа претставува начинот на којшто комерцијалните банки се соочуваат со новите трендови и институционалното опкружување, зголемената конкуренција, присуството на странскиот капитал и странските банки, како и напорите на менаџментот за воведување на нови практики и процедури кои овозможуваат успешно, профитабилно и ефикасно работење. Со користење на стручен и современ банкарски речник, во трудот се врши компаративна анализа на сегашните состојби со предметната проблематика во светската, пред сѐ, американската и европската банкарска практика и банкарството во регионот на Република Македонија, Србија и Босна и Херцеговина.

Посебен придонес на авторот се добива со спроведената компаративна квантитативната анализа на успешноста и профитабилноста на комерцијалните банки во Република Македонија, Србија и Босна и Херцеговина. Во овој дел, авторот спроведува емпириска анализа на квантитативните и квалитативните податоци добиени преку интервју на менаџментот на 38 комерцијални банки во истражуваниот регион. Врз основа на ваквото истражување, авторот врши идентификување на внатрешните и надворешни независни варијабли на профитабилноста на комерцијалните банки и авторот го поставува следниов модел:

$$\mathbf{П_{бт} = a_{0_{бт}} + a_{м_{бт}} У_{м_{бт}} + a_{д_{бт}} У_{д_{бт}}}$$

Врз основа на резултатите од мултикратната регресија, се доаѓа до сознание дека пет варијабли покажуваат статистичка значајност изразена преку РОА (поврат на средствата). Овие пет варијабли, истакнува авторот, ги објаснуваат варијациите на РОА во 84%. Збирно, влијанието на идентификуваните варијабли врз профитабилноста на банките, изразена преку РОА, согласно со емпириското истражување на авторот е следното:

(1) Варијаблата *приход по вработен* (која покажува највисока статистичка значајност, Бета =.494**) позитивно влијае врз показателот РОА;
(2) Втората статистички значајна варијабла се *некаматните приходи* кои покажуваат силна негативна корелација со показателот РОА (Бета = -.353**);
(3) Варијаблата *државен/приватен капитал*, која статистички е значајна (Бета=.269*) покажува дека банките кои имаат приватен капитал се попрофитабилни во однос на банките со државен капитал;
(4) *Стапката на ликвидност* претставува четвртата статистички значајна варијабла (Бета=.205*) којапозитивно влијае врз РОА.
(5) Варијаблата *стара/нова банка*, исто така, се покажа како статистички зависна (Бета=-.176*). Оваа варијабла покажува дека старите банки остваруваат повисока профитабилност, изразена преку РОА, во однос на новите банки.

Непостоењето на алтернативни начини на финансирање и неразвиеноста на финансискиот пазар во истражуваниот регион го сведува работењето на банките на традиционални активности и остварување на профити кои, главно, произлегуваат од кредитните активности. Според тоа, заклучува авторот, дека трендовите во светското банкарство бавно се пренесуваат во работењето на банките во Република Македонија, Србија и Босна и Херцеговина. Заради тоа, приклучувањето кон развиеното банкарство, овие банки ќе можат да го реализираат со забрзано прифаќање и применување на достигнувањата кои се присутни во светското банкарство.

**2. Евалуација на трудот** „Credit crunch: influence on Developed economies vs. Transitional economies“. The Eight International Conference on Business & Employment on the topic, "The International Economic Cooperation Impact on business development and on the employment increase in Kosova and other transitional countries". Зборник на трудови од стручен собир. Prishtina. (2009): 561-572. Рецензиран труд.

Предмет на истражување во трудот е улогата на кредитното повлекување врз развиените наспроти земјите во транзиција. Кредитното повлекување се дефинира како намалување на понудата на кредити кој произлегува од намаленото и заострено кредитирање од страна на банките, а кредитоспособните клиенти не можат да дојдат до кредит по нормална цена.

Со цел да одговори на големиот број на прашања кои се наметнуваат, авторот во трудот анализира емпириски резултати кои се поврзани со само еден аспект; односно влијанието на надворешните варијабли на банкарските операции. Во трудот, авторот претпоставува дека како резултат на различно влијание на надворешните варијабли врз банкарските перформанси, резултатот од влијанието на кредитното повлекување во развиените и земјите во развој е различно. Согласно со тоа, авторот прави обид да ги идентификува клучните фактори кои се сугерирани во литературата, а кои влијаат врз степенот на кредитното повлекување во развиените наспроти земјите во развој.

Понатаму, авторот ги елаборира најзначајните надворешни варијабли и го идентификува различното влијание на кредитното повлекување во различни земји. Имено, практиката на неодамнешните кризи укажува дека кредитното повлекување е многу повеќе изразено во развиените наспроти земјите во развој. Во барањето на можните причини за

оваа состојба, анализата во трудот заснована на емпириско истражување во различни земји покажува дека ваквата состојба е резултат на надворешни фактори, кои во различни економии можат да бидат позитивни, негативни или незначајни.

Како резултат на различното влијание на надворешните варијабли врз банкарските перформанси, резултатот од влијанието на кредитното повлекување во развиените наспроти земјите во развој е различно. Уште повеќе, се претпоставува дека присуството на покомплексни финансиски инструменти во развиените земји, како секјуритизација, во споредба со традиционалните финансиски инструменти во развиените земји претставува значаен канал за пренесување и проширување на кризата на кредитно повлекување помеѓу различни и комплексни финансиски инструменти и институции.

**3. Евалуација на трудот** „Comprehensive analyze of the internal determinants in banking operation". In Economic Development. Institute of Economics-Skopje: 11 (1/2009):39-56. Рецензиран труд.

Во фокусот на трудот е целисходна анализа и идентификација на внатрешните детерминанти на банкарското работење, со цел да се генерираат сет на детерминанти кои можат да влијаат врз банакрските операции. Студијата идентификува 17 внатрешни варијабли кои се земени во емпириските анализи преку два пристапа: истражување на детерминантите на индивидуалните банкарски системи по земји и испитување на детерминантите низ различни земји.

Резултатите во трудот, истакнува авторот, покажуваат дека поголемиот дел од идентификуваните 17 внатрешни варијабли имаат различно однесување во реалните банкарски операции. Во некои случаи влијанието врз банкарските операции е позитивно, негативно или незначајно. Сепак, поголемиот дел од внатрешните детерминанти покажуваат мешани резултати, демонстрирајќи дека влијанието на секоја детерминанта врз банкарските перформанси зависи од сет на околности и затоа се потребни понатамошни емпириски анализи со цел да се идентификува позитивно/негативно/или незначајност на поедините внатрешни варијабли врз банкарските операции.

Авторот заклучува дека истражувањето и анализирањето на внатрешните варијабли на банкарското работење треба да ја зголеми свесноста на банкарските менаџери за главните фактори кои влијаат врз банкарското работење. Уште повеќе резултатите може да се користат како водич за банкарскиот менаџмент во услови кога се испитуваат причините за успешното/неуспешно работење. Овој пристап е особено корисен како за развиените, така и за транзиционите економии.

Авторот нагласува дека понатамошна анализа во оваа област може да се фокусира на надворешните детерминанти на банкарско работење. Имено, слична целисходна студија би можела да ги идентификува сите можни надворешни и макроекономски детерминанти кои можат да влијаат врз банкарските операции. Понатамошната емпириска анализа, заклучува авторот, треба да утврди дали одредени надворешни детерминанти имаат позитивна/негативна значајност или незначајно влијание врз банкарските перформанси.

**4. Евалуација на трудот** „Bank capital requirement and implementation of European standards by transition economies". The Seventh International Conference on Business and Employment: "The impact of the European integrating processes on the development of the business and on the increase of the employment in Kosova and in other transitional economy countries". Зборник на трудови од стручен собир. Kosova. (2008): 320 -330. Рецензиран труд.

Трудот го истражува влијанието на новите капитални барања врз банкарската индустрија во транзиционите економии, посебно врз управувањето со ризикот и кредитната експанзија со долгорочни ефекти врз развојот на нови бизниси и подобрување на постојаните. Овие процеси ќе имаат дологорочен ефект врз подобрување на бизнис

климата и зголемувањето на вработеноста. Капиталот е еден од клучните фактори, истакнува авторот, кога се проценува сигурноста и здравоста на одредена банка.

Воведувањето на Базел 2 има значајно влијание врз големината на капиталот и стапките на адекватност на капиталот. Неговата суштина претставува постојна реформа за подобро управување со ризикот. Трусот покажува дали воведувањето на Новата капитална спогодва во транзиционите економии ја приспособува стапката на капитал. Понатаму, трудот го анализира ова влијание врз кредитната експанзија на банките и влијанието на регулативата врз портфолио ризикот на банката.

Емпириските заклучоци за влијанието на капиталните барања и новите европски стандарди врз транзиционите економии во трудот се извлечени преку користење на регресиона и корелациона анализа на база на податоци прибрана и обработувана од страна на авторот. Резултатите од емпириската анализа ги покажуваат ефектите на новите капитални барања врз кредитните политики и управувањето со ризикот во банкарската индустрија на транзиционите економии. Дополнително, трудот сугерира најдобри практики во однос на прашањето за адекватност на капиталот, засновано на комбинација на искуство во развиените земји и институционалните услови во транзиционите економии.

.

**5. Евалуација на трудот** „Капитална адекватност и имплементација на Базел 2“. Во Економски развој. Економски институт - Скопје: 10 (2): 9-28 (2008). Рецензиран труд.

Трудот се фокусира врз адекватноста на капиталот во банкарската индустрија и влијанието на Базел 2 стандардите. Имено, секој аспект на работењето на банката е детерминиран на директен или индиректен начин од достапноста и/или цената на капиталот.

Анализата во трудот покажува дека стапките на адекватност на капиталот во банкарската индустрија во развиените економии бележат намалување како резултат на економизирањето на овој скап извор на финансирање. Нивото на капитал се настојува да се држи на минимално ниво кое е доволно за покривање на ставките кои се наоѓаат на страната на активата. Овој начин на утврдување на капиталот е поттикнат и со новата капитална спогодба, со која се настојува поадекватно да се пресмета потребниот капитал во соодност со преземената ризичност и квалитетот на портфолиото.

За разлика од развиените земји, според авторот на трудот, емпириските анализата на банките во регионот покажува дека варијаблата капитал/средства не претставува статистички значајна варијабла за остварување на подобра ефикасност. Оттука, банките не ја користат за остварување на повисока профитабилност, како што е тоа случајот со банкарската индустрија во развиените економии. Иако компаративната анализа, заклучува авторот, покажува тренд на благо намалување, сепак, практичните искуства и податоците од народните банки на земјите во регионот јасно укажува дека тие стапки се сè уште многу повисоки во однос на потребната адекватност, што може да има добри реперкусии само во услови на финансиска криза.

**6. Евалуација на трудот** „Traditional or Complex Banking“. In Economic Development. Institute of Economics-Skopje: 10 (3/2008): 87-104.

Во трудот, авторот се обидува преку емпириска анализа да даде свој скромен придонес во разрешување на дилемата дали банкарството се движи од традиционално кон комплексно. Имено, во современи услови, банкарските институции се наоѓаат под постојан притисок за остварување на поголема ефикасност во работењето и задржување на конкурентната позиција. Ова е особено изразено во услови на зголемен притисок на конкуренцијата, кога каматните приходи не претставуваат доволен императив за позиционирање на банките во динамичното банкарско опкружување. Во вакви услови, прибегнувањето кон остварување на некаматни приходи, а со тоа и зголемена комплексност во работењето на банките

претставува предуслов за натамошен раст и задржување или подобрување на позицијата на финасискиот пазар.

Во трудот, авторот се обидува да одговори на прашањето, дали и со кое темпо банкарството се движи од традиционално кон комплесно, и кои се движечките сили кои претставуваат клучни детерминанти за насоката и темпото на движење. Емпириското истражување на авторот покажува дека банкарската индустрија во САД постепено евалуира од индустрија која примарно се занимава со традиционални активности кон индустрија која вклучува комплексни и деривативни активности. Ваквиот тренд, според авторот, не значи исчезнување на традиционалното банкарство, што може да се забележи од високите приходи од каматните активности кои се остваруваат  во последните декади. Иднината на банкарството ќе претставува комбинација на традиционални и комплексни банкарски работи со постепен нагорен тренд на комплексното банкарство за сметка на намалување на традиционалното работење.

Резултатите од ваквото истражување се потврдија и со практичните податоци за движење на некаматните приходи како показател на комплексноста на банакарската индустрија. Имено, истакнува авторот, тие бележат тренд на раст кој повеќе е потенциран кај големите банки, во однос на средните и мали банки. Ова укажува дека процесот на консолидација ја зголемува комплексноста на работењето на банките со оглед на тоа што поголемите банки имаат повеќе можности за употреба на софистицираните банкарски производи.

Наспроти истакнатото, авторот потенцира дека банкарскиот систем во Република Македонија се карактеризира со традиционалност, во кој каматните приходи претставуваат најзначаен и клучен извор за зголемување на банкарските перформанси. Ваквите констатации, авторот ги потврдува со анализа на податоците за движењето на клучните банкарски перформанси, како и со мултикатната регресиона анализа која покажува дека банките кои имаат повисоки некаматни приходи, во исто време, не покажуваат и повисока профитабилност. Оттука следува и логиката за традиционалност на банкарската индустрија во Република Македонија, Имено, доколку каматните приходи, односно традиционалниот пристап обезбедува остварување на високи приходи и профитабилност, нормално е банките носени од мотивот за остварување на повисок профит да се насошат кон традиционалност во своето работење.

7. **Евалуација на трудот** „Determinants of Profit in the Commercial Banking Industry: Evidence from some selected Transitional Economies“ Во Економски развој. Економски институт - Скопје. 3/2007: 79-94. Рецензиран труд.

Трудот се фокусира на еден од клучните димензии на банкарските перформанси, односно банкарската профитабилност во селектирани транзициони економии, односно Балканскиот регион. Целта на трудот е да ги набљудува и тестира варијаблите кои влијаат врз профитабилноста на банките во регионот. Тој се обидува да истражи неколку внатрешни и надворешни независни варијабли кои можат да влијаат врз банкарската профитабилност и да ги идентификува оние кои покажуваат статистичка значајност во однос на стапките на профитабилност. Емпириската анализа ги идентификува причините, зашто банките во истражуваниот регион главно се фокусирани на традиционални активности, наместо да се следи генералниот светски тренд на премин кон комплексни банкарски активности. Имено, за разлика од развиените економии кои обезбедуваа приход од традиционални или комплексни активности, односно каматен и некаматен приход, банките во истражуваниот регион главно се базираат на традиционални активност, односно на каматен приход. Во трудот се прави регресиона алализа за идентификување и препознавање на клучните фактори кои влијаат врз поврат на капиталот (РОЕ) и поврат на средствата (РОА).

Резултатите од емпирискотo истражување во повеќе земји во транзиција го покажаа следново:

- банките кои имаат повисок повротен приход се повеќе профитабилни;
- банките кои се во приватна состојба се попрофитабилни од државните банки;
- банките со повисока ликвидност се повеќе профитабилни, изразено во РОА;
- банките кои се создадени пред 1991 година (во моделот изразени како стари банки) се повеќе профитабилни од новите банки, создадени по 1991 година (во моделот изразени како нови банки).
- банките со повисоки некаматни приходи не се попрофитабилни. Ова значи дека традиционалните банки и традиционалните банкарски активности имаат да обезбедат повисок приход и профит. Затоа како главна активност на банките во анализираните период е да фокусот врз кредитните активности и обезбедување на профит кој произлегува од каматни приходи.

8. **Евалуација на трудот** „Trends in the Banking Industry and Loan Policy in increasing the Business Opportunities in Countries in Transition", In Sixth International Conference Business and Employment: Role of the Management on the development of business and increase of employment on Kosovo and other countries in transition. Kosovo Finance Institute. Конзорциум на бизнис и вработување. Зборник на трудови од стручен собир. (2007):391-399. Рецензиран труд.

Трудот е насочен кон анализа на трендовите во банкарстката индустија и кредитната политика, со цел да се зголемат можностите за бизнис во земјите во транзиција. Банкарските перформанси нагласува авторот се значаен инпут во можностите за бизнис во земјите во транзиција, особено имајќи предвид дека компаниите се високо зависни од банкарските кредити и нивните висококаматни стапки. Ова влијание е особено потенцирано заради недостатокот на алтернативни извори на финансирање на бизнисите и доминантната улога на банкарските кредити во пристапот до финансии. Оттука создавањето на подобри банкарски перформанси би имало директна долгорочна корист за компаниите.

Авторот посочува дека за разлика од развиените пазарни економии, каде што компаниите имаат на располагање широк спектар на финансиски инструменти, во Република Македонија, банките претставуваат главен извор за финансирање. Истражувањето на терен, во кое учествува авторот, укажува дека во изворите на финансирање на компаниите доминираат банкарските кредити. Резултатите од анализата на податоците демонстрираат дека 57% од истражуваните 200 компании го сметаат пристапот до финансии за главна пречка во нивното работење. Потребата од политика и мерки за поддршка на финансиските програми е индицирана во 86%. Сепак, 49% од истражуваните компании не се вклучени во никаква програма за финансиска или нефинансиска помош и скоро сите компании сметаат дека банкарските кредити се единствен извор на финансии во практиката.

Имајќи ги предвид резултатите од една ваквата анализа, истакнува авторот, уште повеќе се нагласува потребата од подобрување на кредитнитот процес и процедури, од една страна и развивање на алтернативни извори на финансирање на компаниите, од друга страна.

## МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

Врз основа на поднесената документација, според Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Климентина Попоска ги исполнува условите според Конкурсот.

Комисијата констатира дека кандидатката покажува забележителни резултати во областа на научноистражувачката и наставната дејност, со тоа се стекнува со потребното искуство кое ја квалификува да продолжи во иднина да го унапреди овој процес на повисоко ниво.

Квалитетот на кандидатката се потврдува и преку објавените стручни трудови во земјава и во странство, а посебно нејзината научноистражувачка работа во голем број на меѓународни проекти и студии, меѓународни универзитети, банки и институции.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип **да ја избере кандидатката д-р Климентина Попоска во насловен доцент на наставно-научната област *банкарство и финансии.***

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Ристо Фотов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајче Мицески, член, с.р.**
**Доц. д-р Крсте Шајноски, член, с.р.**

### П Р И Л О Г
### Табела за вреднување на активностите на д-р Климентина Попоска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Реден број од прегледот за Наставно-образовна (НО) дејност - Правилник за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип, Универзитетски гласник бр.12, декември 2009, стр.119-122) | | | |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | | |
| **2. Превод на учебник** „Мои пари-прирачник за управување со лични финансии", превод и адаптација. Автор Стибор Ерега. Скопје (2010). | **1** | **10** | **10** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **12. Ментор на одбранета магистерска работа**<br>• „Просечна пондерирана цена на чинење на банкарски ресурси и нејзиното влијание врз профитабилноста на банкарските ресурси“ (одбранета, 2008)<br>• „Управување со ликвидносниот ризик на банките во Република Македонија“ (одбранета, 2009)<br>• „Спречување на перење пари и финансиски органзиран криминал во банкарскотот работење со осврт на Република Македонија“ (одбранета, 2010)<br>• Инвестиционо банкарство“ (одбранета, 2010)<br>• „Состојба и перспективи на процесот на спречување на перење пари во банкарството“ (одбранета, 2010)<br>• „Управување со профитабилно картично работење во меѓународните платежни системи“ (одбранета, 2010)<br>• „Кредитната политика и процедури на комерцијалните банки во Република Македонија и можностите за нивно унапредување” (одбранета, 2010)<br>• „Управување со адекватноста на капиталот во комерцијалното банкарство”(одбранета, 2010) | **8** | **3** | **24** |
| **15. Член на комисија за одбрана на докторат** | **9** | **2** | **18** |
| **16. Член на комисија за одбрана на магистерски труд** | **13** | **1** | **13** |
| **25. Предавања на додипломски студии**<br>• **Стратегиски менаџмент летен 2008/2009 (4 часа неделно)**<br>• **Портфолио менаџмент летен 2008/2009 (4 часа неделно)** | **4**<br>**4** | **1.5**<br>**1.5** | **6**<br>**6** |
| **27. Одржани предавања на постдипломски студии во земјата**<br>• Менаџмент на финансиски институции (магистерски-менторски) 2007/2008, 2008/20009,2009/2010<br>• Меѓународни финансии (магистерски-менторски) 2007/2008, 2008/20009,2009/2010<br>• Претприемништво во финансирање (магистерски-менторски) 2008/20009,2009/2010<br>• Финансирање на мали и средни претпријатија (2+2) (втор циклус-ЕКТС) зимски 2009/2010; летен 2009/2010.<br>• Меѓународни финансии (3+1) зимски (втор циклус) 2009/2010; летен 2009/2010.<br>• Финансирање на мали и средни претпријатија (2+2) (втор циклус) зимски 2009/2010; летен 2009/2010. | **3**<br>**3**<br>**3**<br>**2**<br>**2**<br>**2** | **2**<br>**2**<br>**2**<br>**3**<br>**3**<br>**3** | **6**<br>**6**<br>**6**<br>**6**<br>**6**<br>**6** |
| **27. Одржани предавања на постдипломски студии во странство**<br>• Универзитет за применети науки. Факултет за бизнис администрација, Кобленц, Германија. Визитинг предавач. Предмет: Финансии (6-ти и 8-ми семестар), летен семестар 2006/2007 (мај-јуни, 2007).<br>• Frankfurt School of Finance and Management. Frankfurt, Germany. “ Theory and Evidence on the Determinants of Bank Profitability”. Master of Science, 3rd semester. Course Number 960 DBP. (2 credits). Open to doctoral students.(Visiting Lecturer). 2007.<br>• Frankfurt School of Finance and Management. Frankfurt, Germany. “ Theorethical and Empirical Evidence of Bank Profitability Determinants”. Master of Science, 3rd semester. Course Number 960 DBP. (2 credits). Open to doctoral students.(winter semester, 2008) | 1<br>1<br>1 | 6<br>6<br>6 | 6<br>6<br>6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **29. Визитинг професор во странство**<br>• Универзитет за применети науки. Факултет за Бизнис Администрација, Кобленц, Германија.<br>• Frankfurt School of Finance and Management. Frankfurt, Germany. | | | **8** |
| | | | |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА (НИ) ДЕЈНОСТ** | | | |
| **7. Секциско предавање на научен собир/конференција**<br>• (2008) Херцег Нови, Презентација: Service Learning in Class Curriculum. Conference: Service Learning. Americaqn Councils. Washington DC. | **1** | **4** | **4** |
| **8. Одржано предавање по покана од научна институција во странство**<br>• WHU Otto Beisheim School of Management Valendar, Германија. Приватен бизнис факултет со ранк бр 1 во Германија. Предавање-презентација на резултати од емпириска анализа: Complex versus traditional banking and profitability: Researh from USA and Transitional economies. Освоено второ место во областа на финансии (октомври, 2007). | **1** | **3** | **3** |
| • Реформи на финансискиот сектор во Република Македонија“. (ко-автор со проф. Благоја Наневски) реферат презентиран на конференција Економски аспекти на Еврпската интеграција на Република Бугарија и Република Македонија, Софија, Бугарија. | **1** | **3** | **3** |
| • „*Caveat Emptors for E(M)U and candidate countries*”, реферат на семинар „Political economu of eastern enlargement of the EU”. Central European university. Budapest. (2000). 10 strani. | **1** | **3** | **3** |
| • Needs, attitudes and preferences towards micro enterprise credit and non-financial services by Roma population: Key findings from qualitative market research“. Co-author with Margarita Lalayan. Open Society Institute, New York and Microfinance Centre for CEE and the NIS, Warsaw. Poland. Pg. 32.May, 2008. | **1** | **3** | **3** |
| **10. Одбранета докторска теза** | **1** | **8** | **8** |
| **11. Одбранета магистерска работа** | **1** | **4** | **4** |
| **СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | | | |
| **2. Поглавје од книга**<br>„Водич за мали и средни претпријатија“, ко-автор. Министерство за економија. „Развој на МСП“. Ко-автор. стр. 105. (2005). | **1** | **4** | **4** |
| **5. Труд во стручно списание (во земјата)** | **8** | **2** | **16** |
| **ВКУПНО:** | | | **187** |